ТРИ

KNIGA.MK

ВЕРУВАЈ ВО КНИГАТА

и таа ќе те мајстори

ЗИМСКИ ФЕСТИВАЛ НА КНИГАТА

20.12.2022 – 31.1.2023

попуст до -70 %

Верувај во изборот на читателите

2022 беше година исполнета со книги! Таа ни донесе многу непроспиени ноќи, со нашата омилена реченица: „Само уште едно поглавје“. Ние книгољупците имаме моќ спомените да ги пакуваме во книга, а книгите ги паметиме според чувствата што нè обземале додека сме ги читале, понекогаш повеќе отколку што се сеќаваме на самата содржина.

А во тоа е и суштината. Во чувствувањето на зборовите.
Во исчекување на нови спомени, книги и чувства, погледни ја книжевната ретроспектива и види која книга си ја пропуштил.
Бидејќи овие книги се најчитаните за книжевната 2022, тие се, всушност, и совети од големите читачи до сите книгољупци.

2022

во 10 наслови





Верувај во приказни и тие ќе ти се остварат

Од романите почнува сета магија. Тие се главните водичи кон замислениот, а толку реален свет. Тие се сонот што можеме да го држиме меѓу дланките. Ќе се изгубиш во приказната, а истовремено ќе се пронајдеш меѓу нивните страници. Белетристиката како жанр станува сè попопуларен зашто е единствениот начин да патуваш без да го поместиш телото. Те опушта и со умот те носи кон најразлични вистини. Умее да те насмее, да те расплака, да те промени.

Белетристиката ги поврзува луѓето. Во овој миг додека ја читаш Шафак, некој човек на другиот крај од светот го чувствува истото што го чувствуваш и ти. На колкумина им се допаѓа романот што ти се допаѓа и тебе? Бројот е незамислив. Тоа е доказ дека сите сме исткаени од исти нишки. Со секој следен роман, имај го ова на ум – живееш онолку животи колку што имаш прочитано романи.

Емили Сент Џон Мандел

Канадската писателка со визионерска моќ

наскоро



„Море на спокојството“ е една од најнестрпливо очекуваните книги за 2022 година, маестрален роман кој ги оправда сите очекувања.

Емили Сент Џон Мандел е канадска писателка околу чии книги се крена прашина особено по објавувањето на „Станица единаесет“, со која се чини дека ја предвиде иднината. Постапокалиптичниот роман ги вознемири сите со длабоката поврзаност со реалноста. Другиот нејзин роман, „Стаклениот хотел“ исто така беше своевиден бум. Таа го објаснува како исцрпувачко искуство што неоспорно вредело. За ова зборуваат и големите рејтинзи на Гудридс, која како најзначајна читачка платформа зборува од името на сите читатели на светско ниво – „Станица единаесет“ со 436.970 рејтинзи, а „Стаклениот хотел“ – 139.665, двете со приближна оценка 4. Мендал немала типично детство и тоа се одразува врз нејзиниот несекојдневен начин на пишување. Таа е второ од пет деца и била образована дома сè до 15 години. Домот дури и навидум не им бил ист како на останатите деца.

Метафизички трилер, белетристика, научна фантастика – тешко е да се одреди жанрот во кој твори Емили Сент Џон Мандел. Но секој нејзин роман е своевидно огледало на реалноста.

~~400~~ 320

~~400~~ 200

~~340~~
280

Тошиказу Кавагучи
Пред да се излади кафето

Тошиказу Кавагучи со својот прв роман го прошета целиот свет. Тој докажа дека магичниот реализам може да се допадне секому, особено кога носи поуки за секојдневниот живот. Прашањето што секогаш ја предизвикува љубопитноста токму во оваа книга ги обедини повторно луѓето од целиот свет. Преведена на 34 јазици, оваа приказна за кафулето во кое може да се патува низ времето е книга која не смеете да ја пропуштите. Таа ја обележа 2022 година и не помина месец во кој не беше на топ 10 најчитани книги на ТРИ.

Јапонскиот патник низ времето

~~320~~
270

Карстен Хен
Човекот кој шета книги

Жанрот наменет за книгољупците, книги за книги или „feel good“ романите оваа 2022 беа во топ 5 најчитани жанрови во светот. Оваа книга им припаѓа и на двата, а по своето објавување во превод од германски јазик веднаш се најде на полиците на секој страстен книгољубец. Ако и ти си меѓу нив, а уште ја немаш прочитано, почни ја новата година со прекрасна топла приказна што ќе ти го згрее срцето засекогаш, не само за оваа читачка сезона. Запознај го Карл Колхоф, кој секоја вечер им ги носи книгите во домовите на најверните читатели.

Омилениот германски автор на книгољупците

Јапонецот што умее да зборува со мачки

Сосуке Нацукава
Мачорот што ги спаси книгите

~~340~~ **270**

Слично како „Човекот кој шета книги“, овој роман е вистински дар за книгољупците, но и за секој човек комушто му треба враќање на надежта. Бестселерот на Нацукава е една од најчитаните и најбараните книги во последните години, препорачувана и од критичарите и од читателите. Оваа книга е уште еден доказ за тоа дека магичниот реализам, особено на Јапонците кои толку добро ги оживуваат мачорите и волшебните патувања, е совршено решение за бегање од реалноста, за да ѝ се вратиме на крајот освежени, со нова верба во животот.



Најдрагата романсиерка на современите читатели

Сали Руни
Прекрасен свету, каде си

~~500~~ **420**

Својот прв роман Руни го напишала на 15 години и оттогаш нејзините идеи се незапирливи. Таа денес е една од најпознатите светски авторки. Актуелна е со „Нормални луѓе“, книгата по која се сними серија на Нетфликс што младите ја обожаваат. „Разговори со пријатели“ не е помалку позната, но „Прекрасен свету, каде си“ со рејтингот од 271.816 читатели и наградата за најчитана книга според Гудридс за 2021, го докажуваат нејзиниот успех.
Како што ја нарекуваат младите, „Селинџер за снепчет-генерацијата“, Сали Руни се чини дека ќе ја обележи и деценијата со своите извонредни дела. Во „Прекрасен свету, каде си“ ќе ја најдете нашата реалност претставена преку четворица млади луѓе кои се борат со тешкотиите на времето обременето од информации и потреба за совршенство.



Елиф Шафак

Ненадминатата турска авторка со западен сензибилитет

~~500~~ **380**

„Тоа што не се искажува со зборови може да се сфати само со молк.“

Елиф Шафак, најчитаната турска писателка и еден од најмоќните женски гласови на светската сцена, зборува за сите прашања поврзани со подемот на национализмот и авторитаризмот низ светот, станувајќи на тој начин глас на нечуените и маргинализираните. „Тоа што не се искажува со зборови може да се сфати само со молк.“ Токму така, Шафак остава без зборови. Ќе те остави и тебе во тишина со своите мисли полни мудрости извлечени од нејзините книги. Тие се задолжителна лектира за сите вљубеници во книжевноста, животот, зборот. Безвременски и трогателни приказни што смело ги расветлуваат разликите и ја откриваат убавина што се крие во нив. Ненадминлива авторка која доследно ги бележи нештата што нè прават различни, а таа во себе ги носи оние што нè прават уметници.

~~500~~ **350**



~~450~~ **340**

~~400~~ **320**



~~450~~ **340**

~~450~~ **340**

Книжевна пријателка со античките херои

Мадлин Милер
Ахиловата песна

~~500~~ **380**

Мадлин Милер постигна неверојатен успех со својата дебитантска книга – ја доби наградата „Оринџ“ за литература, беше бестселер на „Њујорк тајмс“ и во меѓувреме е преведен на триесетина светски јазици, меѓу кои и на македонски. Оваа книжевна интернет-сензација го обиколи светот, па нека и тебе ти го освои срцето. Со оценка од 4,38 и рејтинг од 1.007.045, можеш да ѝ веруваш на статистиката. Каква била судбината на Ахил, каква може да биде во визиите на Мадлин Милер и каква ќе живее во твоите спомени, откриј сега.
Запознај ги Ахил и Патрокле во поинаква светлина. Војувај со времето во обид да го запреш за да ја прочиташ во еден здив.

Најголемата познавачка на длабочините на мочуриштето

Дилија Овенс
Девојката од мочуриштето

~~500~~ **380**

Не може да немаш превисоко очекување од роман што 2.235.106 читатели високо го оцениле како историска фикција, мистерија, романса. И со право, зашто ова е книга што не може да разочара. Иако за првпат е објавена во 2018, оваа година се потсетивме на ова ремек-дело благодарение на истоимениот филм што излезе во јули, инспириран од овој роман.
Каја, девојката од мочуриштето, е еден од најпрепознатливите ликови во современата проза. Само големите мајсторки на зборот каква што е Дилија Овенс знаат толку добро да ти врежаат некој лик во умот што неговата слика ќе ја имаш пред очи уште пред да застанеш пред филмското платно.

~~320~~ **250**

~~450~~ **225**

Рафаела Жордано

Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден

Овој роман упорно му пркоси на времето и сè повеќе се зацврстува на списокот меѓу најбараните книги. Позитивна приказна од чии страници ќе излезете насмеани. Несомнено е зошто им е толку драга на сите наши читатели – зашто ја враќа вербата во животот. Исто како и самиот наслов, по читањето ќе започне твојот втор живот. Рафаела Жордано е писателка, сликарка и тренер за креативност. Затоа нејзините книги, меѓу кои се „Твојот втор живот започнува кога ќе сфатиш дека имаш само еден“ и „Продавница за животни промени“, ги имаат сите светли бои што ти се потребни во животот.

~~600~~ **480**

~~600~~ **450**

~~600~~ **450**

Елена Феранте

Приказна за изгубеното девојче

Двете жени се бореа да избегаат од маалото во кое пораснаа. Елена се омажи и се пресели, објави неколку книги, но се врати во Неапол за да биде со мажот што го сака. Од друга страна, Лила никогаш не успеа да се ослободи од своето минато. Иако сиот живот се обидуваше да го избегне, сега станува незапирлив водач во тоа окружување и успешен претприемач. Сè до кобниот ден...

Кога инспирацијата би имала лик

Харуки Мураками

Јапонскиот крал на магичниот реализам

~~650~~ **499**

Неговите ликови се беспрекорно извајани и нивните умови се несовршено човечки, бидејќи се обликувани од несовршено минато, кое резултира со недефинирана, слободна иднина.

Ваквото умешно раскажување и пренесување на личното „лудило“ може да се разбере исклучиво со читање на неговите дела. Времето и просторот во нив се надвор од логиката, и можеби токму во тоа лежи најголемата привлечност за читателите. Содржината што се менува и излегува од контекстот на реалноста каква што ја познаваме е карактеристика на неговиот препознатлив стил. Обичните ситуации ги украсува со невозможни дејства, прави пресврт на најневобичаени места и создава мост помеѓу двата брега – реалноста и фикцијата. Неговите книги секогаш се изненадување. Никогаш не знаеш што може да те очекува на следната страница! Провери и воодушеви се.

~~500~~ **380**

~~500~~ **380**

~~500~~ **390**

~~380~~ **299**

~~500~~ **380**

~~320~~ **240**

~~500~~ **399**

~~400~~ **320**

~~500~~ **380**

~~450~~ **340**

~~450~~ **350**

~~500~~ **399**

~~350~~ **280**

Магијата на белетристиката е во тоа што само ликовите се измислени.

СКАЛЕСТ

ПОПУСТ

3 КНИГИ – 10 %

5 КНИГИ – 15 %

7+ КНИГИ – 20 %

Љубовни романи

Верувај во љубовта и таа ќе те најде

Љубовните романи се најчитаниот жанр во светот за 2022 година. Дали и ти беше дел од оваа статистика?

Стопли го срцето со некоја убава љубовна приказна. Зошто толку ни се допаѓа да читаме за љубовите на нашите омилени ликови, за нивните подеми и падови? Зашто и ние се пронаоѓаме во приказните – или ни се случува нешто слично или посакуваме да ни се случи. Честопати и самите се вљубуваме во некој од ликовите. Ако размислиш, во секоја книга има понекоја романтична љубов, затоа што таа е во центарот на постоењето. Особено за оние кои ги читаат романсите. Ти посакуваме оваа зима да се вљубиш додека читаш некоја од нашите најдраги романси.

Не грижи се, продолжи да го романтизираш животот. Прекрасно е кога го гледаш со вљубени очи! Ти како книгољубец најдобро знаеш што значи тоа. Ти си вистински вљубен во книгите.

Хемичарката која експериментира со романсите

Али Хејзелвуд
Љубовна хипотеза

~~500~~ **420**

Олив Смит и Адам Карлсен се најгугланите ликови во последниве две години. Можете да ги најдете насекаде. Ете, толку се популарни, а за тоа придонесува и нивната уникатност. Малиот експеримент на лажна двојка завршува мошне успешно – со двајца лудо вљубени. Но дали Хејзелвуд им предвиде среќен крај, дознаваме дури на последните страници. „Љубовна хипотеза“ во 2021 г. беше прогласена за најдобра романса според Амазон, а беше номинирана и за Гудридс чојс авардс. Вревата што се крена за оваа книга е неоспорно оправдана, а Али Хејзелвуд не планира да запре. Набрзо дознаваме и што е следно од оваа вљубеничка во љубовните сплетки.

Најпознатата авторка на романтични сплетки

Теса Бејли
Се случи едно лето

~~500~~ **399**

„Се случи едно лето“ беше летниот хит и откритие за секој љубител на романсите, но ајде да откриеме што ќе ни се случи оваа зима! Во чија љубов ќе се вљубиме? Теса Бејли може да ги реши сите проблеми на нејзините главни вљубени ликови, но тоа не оди толку лесно. Дали е загарантиран среќниот крај? Откријте во најдобрата романса според Тик-ток. Приказната за сестрите Белинџер има одлични оценки на читачките платформи. Буклист за „Се случи едно лето“ веќе ја назначи Теса Бејли како освојувач на врвот на романсите. Запознајте ги Пајпер и Брендан – толку спротивни што се совршена комбинација за исто толку добра приказна.

~~500~~ **399**

~~500~~ **399**

Барбара О'Нил
Уметноста на наследувањето тајни

Барбара О'Нил ги обожава псевдонимите. Сака да си поигрува со читателите, а и со нашите емоции, зашто преку зборовите може да те однесе низ различни емотивни бури. По читањето на некоја од нејзините книги, нема да излезеш истиот човек. Ако сакаш замоци, графици и тајни, оваа романса ќе ти го заскокотка љубопитството, зашто е невозможно да се остане рамнодушен пред интригите што ги плете Барбара О'Нил. Само еден опис на дворецот Роузмер ќе ти биде доволен да не сакаш да излезеш од него пред да ги откриеш сите тајни што мајката на Оливија Шо, нашата хероина, толку смело ги криела со години.

Пријателка на сите вљубеници во тајните

~~500~~ **380**

Иви Данмор
Покорувајќи го војводата

Пред големат љубов потклекнува дури и тврдокорниот војвода. Инспирирана од магичниот пејзаж на Оксфорд и од страста за романтика, жените пионери и викторијанската ера, Иви Данмор ни нуди историска фикција која ги разгорува сите сетила. Два лика – еднакво непоколебливи и одлучни – жена која се бори за своите права и студениот војвода од Монтгомери. Иви Данмор го доловува духот на ерата запознавајќи нè со група извонредни жени. Ако си една од нив, или ако сакаш да се вљубиш во една од нив, ова е вистинската книга за тебе.

Современиот глас на жената и нејзината моќ

Новото книжевно откритие за 2022 година

Миранда Каули Хелер
Хартиената палата

~~500~~
320

„Хартиената палата“ се појави на светските топ-листи во 2021 година и оттогаш постојано е меѓу најбараните книги. Миранда Каули Хелер се одвојува од другите автори по својата писателска цел, која не е обична амбиција. Со своето искрено пишување сака на читателите да им постави прашања што се позначајни од самите одговори. Пронајди ги во оваа животна приказна чиј заплет може да му се случи секому. Судбоносните одлуки се носат во еден миг. Исто како што и оваа книга се чита во еден здив.

Француската миленичка на публиката

##Ањес Мартен-Лиган
Ние не требаше да се сретнеме

~~400~~
299

Француската мајсторка на зборотАњес Мартен-Лиган го обиколи светот со својата приказна за среќните луѓе кои читаат и пијат кафе. Се чини дека од неа почна читачкиот тренд на книги што будат пријатни чувства и по чие читање имате сила да го промените светот. „Ние не требаше да се сретнеме“ е уште една приказна која освен добро чувство, буди и најнежни емоции. Тажен, но и инспиративен, овој роман е дефиниција за љубовта. Животот е лесен кога сè совршено, но книгите како оваа ќе те научат да го сакаш и кога од нас бара повторно да го изградиме она што било урнато до темел.

~~320~~
250

~~320~~
250

Трилери

Верувај во љубопитноста и таа ќе ти ги открие тајните

Возбудливо е да ја ставиш детективската шапка, да ја пикнеш лупата в џеб и да се впуштиш во сите мистериозни сценарија што ги смислил авторот во лавиринтот на напишаниот трилер. Во издавачкиот свет, во последните години ова е еден од најчитаните жанрови. Тоа е така зашто во природата на човекот спие жедта за мистерија. Уште Пандора ни докажа дека човек не може да биде мирен сè додека не ја открие вистината. Па затоа, со сите свои варијации – како психолошки трилер, мистерија, роман-трилер, крими или детективски – интересот за овој вид книги никогаш нема да згасне. Желбата по непознатото и неочекуваното е внатре во тебе. Не згаснувај ја, само насочи ја кон најдоброто од светската литература. Во неа имаш избор – иако е навистина интересно да се следат трагите на злосторниците, секогаш биди на страната на правдата. Можеш ли да го решиш следниот случај – колку трилери можеш да прочиташ во една година?

Ју Несбе

Скандинавскиот крал на детективскиот трилер

наскоро

Ју Несбе, авторот кој се смета за водечко име на криминалистичките романи и трилери во Европа, ќе биде секогаш актуелен. Не само што беше во 2022, туку ќе биде и во 2023 и во секоја следна. Со своето мајсторско градење на приказната и со длабокото познавање на психологијата и општествено-економските односи, тој ги води читателите низ трагите на бруталниот свет полн со злосторства и мистичност, во придружба на својот познат протагонист, инспекторот Хари Хуле.

Наскоро го читаме највозбудливото од овој серијал за Хари Хуле – „Лилјакот“, која е прва објавена книга на Несбе. Потоа може повторно да уживаме во потрагите на овој синоок, висок и проблематичен детектив. На него се повикуваме секогаш кога ситуацијата изгледа безнадежна, зашто секогаш го има решението.

~~500~~
399



~~420~~
399

К. Џ. Тјудор
Девојките што горат

К. Џ. Тјудор се прослави со својот одличен трилер „Човекот од креда“, инспирирана од мрачните тајни и ужасот во делата на Стивен Кинг, но и од малите гратчиња во кои често престојува. „Девојките што горат“ е трилер сместен токму во едно такво селце кое крие тегобни тајни што се протегаат длабоко во времето. Пред 500 години во него на клада биле изгорени осум протестантски маченици. Пред 30 години без трага исчезнале две тинејџерки. А пред два месеца се самоубил капеланот. Ако си бестрашен, откриј ја вистината. Само биди внимателен!

Следниот Стивен Кинг

~~500~~
420

Клер Мекинтош
Заложници

Книгите на Клер Мекинтош се преведени на околу 35 јазици и се продадени во над два милиона примерока. Несомнено нејзините добри заплети потекнуваат од работното искуство – таа во 2011 година ја напушта полицијата по 12 години поминати во силите на редот и законот и почнува да работи како писателка. Од нејзиното искуство произлегуваат неверојатните хипнотизирачки трилери, токму каков што е клаустрофобичниот „Заложници“. Дури и најдобрите писатели на загадочни мистерии, како Шари Лапена, им оддаваат признание на застрашувачките трилери на Клер Мекинтош. И на крајот, ќе застанеш пред прашањето: што би направил ти ако си на местото на протагонистката? Ќе спасиш многу непознати животи или само еден – на човекот кој ти значи најмногу?

Британската полицајка раскажува

Повеќеслојната авторка на трилери

Карен Мекквешчен
Детето на месечевата светлина

~~500~~ **420**

Магијата на Карен Мекквешчен е во тоа да создаде морничава приказна и да ги освои љубителите на трилерите, но и читателите што обожаваат белетристика. Буквално за секој кој сака добра книга, од чиишто корици ќе излезе сосем променет. Таа е вистинска романсиерка што има пронајдено одличен стил со кој го задржува љубопитството на читателот, но и ги полемизира темите на човечката добрина, сложените односи меѓу луѓето и невидливите нишки што ги поврзуваат и што неизбежно ги упатуваат еден кон друг. И со оваа приказна ќе останеш воодушевен од тоа колку еден роман може да биде слоевит.

Американската експериментирачка со стилот

Алиса Кол
Кога никој не гледа

~~500~~ **399**

Речиси веднаш по објавувањето, „Кога никој не гледа“ стана бестселер на „Њујорк тајмс“ и „Уса тудеј“. Овој трилер на Алиса Кол е еден од најбараните книги во светот за 2022 година. Таа нѐ носи во Бруклин, местото кое одеднаш почнува да се менува. Раскинувана од болка поради пропаднатиот брак и загубата на мајка си, Сидни Грин тргнува во истражување со новиот сосед Тео. На почетокот тие не си веруваат доволно кога пред нив се случуваат морничави планови на една корпорација гладна за профит. Но мора да научат да си веруваат, ако сакаат да преживеат. Роман што го покачува нивото на очекување од трилерите.

Што е светот
без возбуда?

~~500~~ **420**

~~500~~ **380**

~~400~~ **290**

~~400~~ **200**

~~450~~ **280**

~~450~~ **340**

~~450~~ **340**

~~500~~ **250**

Домашна литература

Верувај во топлината на домот и носи го во себе

Кога човек чита на друг јазик, тогаш зборовите одат кон умот. А кога чита на мајчиниот јазик, зборовите му се вселуваат во срцето. Затоа што таму им е домот. 2022 несомнено ќе ја паметиме по приказните од македонските автори, кои секој на свој начин придонесе за збогатување на македонскиот книжевен фонд, а носи и суштествено, општествено и културно будење.

Можеш да зборуваш на кој било јазик, ама мислите и душата секогаш ќе си се обраќаат на мајчиниот. Зборувај им на јазикот што го разбираат – читај им книги од домашни автори! Твојата душа зборува на македонски јазик! Она што е душата за телото, тоа е мајчиниот јазик за постоењето. Затоа ајде да уживаме во најдоброто од македонската литература.

Венко Андоновски

Име без кое не може македонската современа уметност

~~380~~ **340**

ѓаволот. Јан излезе од романот и почна да живее по книжарниците и факултетите, во разговорите меѓу книжевниците и критичарите, меѓу старите и младите читатели, по театрите и по македонските улици. Сега се враќа во литературата, а и надвор од неа. „Папокот на светлината“ е значаен прилог кон новиот, продуховен свет што заедно го градиме.

„Во домот е светлината“, вели Венко Андоновски во својот нов роман. Надвор е светот, но каде е папокот на светот? Што треба да направи човек за да го пронајде?

Да влезе во светот на Јан Лудвик, херојот кој пред повеќе од 20 години трагаше по папокот на светот, а сега е во потрага по папокот на светлината. Заедно со другите ликови, тој се обидува да открие каде се раѓа онаа светлина која ја просветлува душата и како се случува некој цел живот да ја бара неа, а некој да се задоволи да му биде облека на

~~340~~ **260**
~~340~~ **250**
~~380~~ **290**
~~350~~ **250**
~~350~~ **270**
~~400~~ **320**

Винка Саздова

Пресврт во домашната книжевност



~~300~~
250

Книгите на Винка Саздова се како облаци. Додека ги читаш натежнуваат од чувства, а по читањето се празниш. Чудно е. Како едновремено се полниш и празниш. Како на истото место се губиш и пронаоѓаш. Изгуби се. Пронајди се. Танцувај со зборовите на Винка Саздова.

Уште со првиот роман остави неизбришлива трага, а денес е една од најпрепознатливи македонски авторки. Со психолошки изнијансираните ликови во „Вилино“, Винка Саздова го потврдува своето раскажувачко мајсторство. Префинета симболика, очудувачки детали, прекогниции, соништа, сеизмографски треперења на душата. И роман-терапија: ведриот женски лик на Вили од идиличното Вилино, спротивставено на градот како дувло на страстите и осаменоста. Винка Саздова одново ве повикува да го победите стравот и да тргнете во потрага по слободата. Една пукнатина е доволна за да навлезе и темнина и светлина. Што ќе одлучиш да ти влезе во душата, е твој избор. Затоа, секогаш избирај ја светлината.

~~250~~
199

~~250~~
199

~~250~~
199

~~250~~
199

~~200~~ **160**

~~350~~ **260**

~~350~~ **280**

Петре М. Андреевски
Деницијa

Книжевниот великан и столбот на македонската поезија и проза останува засекогаш омилен автор на сите генерации. Во „Деницијa“ се запишани несомнено едни од најубавите македонски стихови, а „Кога ја љубев Деницијa“ е една од највеличествените песни за љубовта. Објавена уште во 1968 година, таа ни докажува дека времето не им може ништо на вистинските вредности. И кога се чини дека ништо не е поприсутно од неговото отсуство, треба да ги отвориме книгите и да се сетиме дека некои луѓе едноставно никогаш не заминуваат.



Македонскиот книжевен великан

250



~~200~~ **150**

~~200~~ **150**

Виолета Танчева-Златева
Раскази од минатиот век

Виолета Танчева-Златева е една од нашите најпознати поетеси. Но овој пат нѐ потсетува дека во поетот се крие и одличен прозаист. Во оваа збирка раскази таа ја брише границата меѓу умот и заумот, меѓу стварноста и фантазијата, меѓу светот на секојдневието и светот на очудувањето, меѓу сонот и јавето, меѓу класичниот и магичниот реализам. Иако пишувани „во минатиот век“, тие се интуитивна проекција на новиот век, небаре минатото ја посматра иднината со очите на сегашноста, а погледот се менува во дијалогот со себеси.

„Колку треба да се премолчи, а сепак да се каже потребното?“

Кога поетското и прозното писмо ќе се испреплетат

Повеќеслојноста во литературата

Јагода Михајловска-Георгиева
Манастир Фуентерабија

Што спие во ќелиите на душите? Кога Тој и Таа се сретнуваат, заедничка им е само длабоката празнина во себе. Преку неа се препознаваат крај Океанот. И тогаш се случува она по кое сите трагаме. Одговори на вечните прашања и скротување на копнежот што гребе во сечија душа. Оваа книга ја доби наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело објавено во 2017 година. А Јагода Михајловска-Георгиева е закитена и со многу други награди. Со својата раскажувачка магија, таа е неизбежна авторка за секој македонски читател.

~~300~~ 220

~~280~~ 199

~~299~~ 250

Неисцрпниот автор со раскошен опус

Митко Маџунков
Времето пред приказната

Неисцрпен и раскошен – тоа е вистинскиот опис на раскажувачкиот опус на Митко Маџуков. Со неговата нова книга 2022 г. добива ново значење за домашната книжевност. Ова е ново ремек-дело и на ниво на светската литература. Како што го нарекува Венко Андоновски: „Генијален роман кој нема збор вишок или кусок. Ако ‘Приказна за трите града’ ги содржи како опал кугла сите идни дела на Маџунков, ова е архиопал куглата која ја содржи и таа мала опал-кугла што ги содржи сите негови дела! Навистина импресивно, остава без зборови. Ќе ми треба време да се соземам.“

790

~~300~~
250

Наташа Сарџоска
Трамонтана

Сите ја знаевме како одлична поетеса, но со овој нејзин прв роман сфативме дека е и одлична раскажувачка и авторка која ја има потребната храброст да се соочи со празнината. Секој од нас понекогаш ја чувствува таа празнина – сеопфатна и застрашувачка. Има убавина и во зборувањето за неприпаѓањето. На начинот на кој Наташа Сарџоска, пишувајќи за празнината, нè носи отаде празнината.

Храброста на женската македонска проза

250

Ана Аврамовска
Водни тела

Безимената протагонистка и писателка во сенка од Сиднеј се враќа во родното Куманово, но наместо во градот од спомените доаѓа во сиво место задушено во смог, ѓубре и закопани соништа. Како носителка на богатата македонска традиција, баба ѝ ѝ открива дека во Куманово некогаш постоела речна плажа. И така главната хероина се впушта кон откривање на личните приказни и легендите, кон сувото речно корито, заедно со другарите од детството – дивиот таксист Гаврил и Јасна, фотографка која ги следи трагите на црниците. Барајќи го изворот на водата, тие несвесно си го бараат својот извор.

Пријателка на самовилите

Новинарка и истражувачка на современоста која сите ја познаваме

Ана Јовковска
Емотивен талог

Ана Јовковска оваа година ни понуди збирка прозни записи што несвесно ни недостигала. Зошто мислиме така? Затоа што по самото објавување веднаш стана популарна. Приказните од женската кујна, како што се наречени во поднасловот, веќе се докажан рецепт за вкусна проза. Уште од своето објавување во април, „Емотивен талог“ ја освои пошироката публика и наскоро го доживеа и своето второ издание.

~~350~~ **299**

Новинарка и истражувачка на современоста која сите ја познаваме

Игор Џамбазов
Присобрани дела

Од неповторливата ѕвезда на нашите простори, од човекот кој искуси многу, кој доживеа колку за десет животи на извонредни луѓе. Во неговата душа не постојат разлики. Џамбазов ги советува сите, нему секоја личност му е драга. Сите негови животни приказни ексклузивно подготвени во еден пакет! Подарете забава и мудрости извлечени од животот на незаменливиот Џамбазов.

~~2140~~ **1999**

~~350~~ **250**

~~399~~ **290**



~~299~~ **250**

~~400~~ **320**

~~400~~ **320**

~~300~~ **259**

~~450~~ 399

250

~~350~~ 280

350

~~250~~ 200



~~250~~ 199

~~300~~ **250**

~~250~~ **150**

~~300~~ **199**

~~450~~ **320**

~~250~~ **150**

Луан Старова, името што остави неизбришлива трага во домашната книжевност со својата Балканска сага

~~300~~ **210**

~~350~~ **280**

~~500~~ **420**



~~280~~ **190**

~~250~~ **199**

~~300~~ **240**

Верувај во умот и телото ќе те послуша

Биди свој психотерапевт благодарение на книгите што ќе те научат како да се грижиш за себеси. Не заборавај дека ти си и тело, и ум, и душа. Еднакво грижи се за сите и гледај како и тие ќе ти возвратат. Современата психолошка медицина оди напред. Времето се менува, а и самиот човек. Но срцевината останува иста. Ти си срцевината.

Од тебе почнуваат сите промени. Насочи ги правилно и гледај како се менуваш ти од корен, а потоа и светот околу тебе. Верувај им на психолозите, психијатрите и најмногу од сè, верувај во умот и твоето тело ќе те послуша. Анксиозноста се вселува во секого. Не уредувај ѝ го домот. Нареди ги полиците на твоето срце со книги како оние на Габор Мате и Бесел ван дер Колк. Во нив се наоѓа лекот. Треба само да посакаш да го пронајдеш.

Габор Мате

Психологот којшто спасува животи

~~550~~
450

Ослободи се од сите причинители што ти го уништуваат здравјето и ти ја оневозможуваат среќата

Во основата на бестселерот на Габор Мате лежи неговото долгогодишно практично искуство во областа на медицината и психолошкиот развој. „Кога телото вели не“ не е обична книга туку е книга што спасува животи во буквалната смисла на зборот. Таа ќе те упати до вистинското место и до срцевината на проблемот. Ослободи се од сите причинители што ти го уништуваат здравјето и ти ја оневозможуваат среќата. „Кога телото вели не“ изобилува со животни приказни на многу пациенти. Таа е откровение што придонесува за трансформативни сознанија за тоа дека болеста е начин на кој телото му кажува „не“ на она што умот не може да го признае.

ТРИ лекции за исцелувањето од Габор Мате

Ослободи се од сите причинители што ти го уништуваат здравјето и ти ја оневозможуваат среќата.

1. Исцелувањето значи одново да станеш целина.
2. Вистинското јас никогаш не те напушта. Само ја губиш врската со него.
3. Ако се обидеме да ги разбереме телото и умот како обединети, како една целина, тогаш можеме да дојдеме до лекот.

Нетрадиционалниот лекувач на трауми

Бесел ван дер Колк
Телото памети

Траумата е дел од животот. Човек не мора да биде војник на бојно поле за да се соочи со траума. Многумина од нас или од луѓето што ги познаваме се справуваат со болните последици од своето минато. Голем број возрасни со децении се борат со траумите од емоционалното или физичко насилство што го претрпеле во детството. Истакнатиот светски експерт за траума Бесел ван дер Колк веќе пет децении им помага на овие несреќни луѓе. Истражувајќи иновативни начини за лекување – од неврофидбек и медитација до спорт, театар и јога – тој нуди нови патишта за ослободување од траумата. Заснована врз сопствените истражувања и најновите резултати од водечки специјалисти, оваа книга ја открива огромната моќ на односите, и оние кои повредуваат и оние кои лекуваат, и нуди нова надеж за враќање на среќата во животот.

Авторката која го има клучот за речиси сите проблеми

Штефани Штал
Детето во тебе мора да го најде својот дом

Психологијата во последните години сè повеќе го актуализира значењето на себељубовта и себегрижата како услов за надминување на проблемите со анксиозноста, самодовербата и тешкотиите што ги имаат интровертните лица. Љубовта и грижата кон себе се клучни за среќа, додека анксиозноста сите сме ја почувствувале на своја кожа. Бидејќи овој наш свет е многу динамичен и суров, ни треба практична книга која ќе ни понуди решение за прашањата во нашата глава. Токму „Детето во тебе мора да си го најде својот дом“ е книгата што ги има вистинските одговори.

~~650~~
499

Карл Густав Јунг
Човекот и неговите симболи

Карл Густав Јунг е еден од најголемите психијатри на сите времиња и еден од највлијателните современи мислители. Неговата цел, а и целта на оваа книга, е да ни помогне да се спознаеме себеси преку декодирање на пораките на несвесното. На тој начин секој може да проникне во нивната смисла и да ја искористи за приближување до идеалот на исполнет и среќен живот. Со над 500 илустрации кои ја прават неповторлива, оваа книга ја покажува функцијата на соновите, нивното психолошко значење во секојдневните искуства и симболичното значење на уметноста.

Најголемиот психијатар на сите времиња



~~600~~
490

Лори Готлиб
Можеби треба да разговараш со некого

Еден ден Лори Готлиб е психотерапевт кој им помага на своите пациенти да ја дофатат среќата. Наредниот, и самата има потреба од помош. Како што ги разоткрива проблемите на своите пациенти, така Готлиб се толкува и себеси. Откривајќи се пред другите, таа преку овие мемоари ќе ве научи како да се запознаете себеси и да си понудите убав живот каков што заслужувате.

Психотерапевтката која спасува животи

Верувај во себе и другите ќе веруваат во тебе

Книгите за самопомош се буквално она што го објаснува овој опис: ќе ти ги раслојат умот и душата и ќе ти помиогнат за да си помогнеш себеси. Ќе се оствариш и ќе си го најдеш патот. Што би рекол еден од најпознатите писатели на овој жанр, Робин Шарма: „Среќата е патувањето, а не целта“.

Оствари се онака како што ти е пишано во ѕвездите. Биди кормиларот на својот брод и освојувај го океанот. Преброди ги сите бури. Капетан се станува кога ќе поминеш низ немирни води. А книгите како овие се вистинскиот начин да го направиш тоа. Благодарение на нив, различни генерации од сите краишта на светот можат да ја применуваат мудроста. Неверојатен е бројот на луѓе на кои овие книги им помогнале. Но тие сега не се важни. Сега си важен ти. Книгите нека бидат само скалилата. Запомни: ти си оној кој ги качува.

Бријана Вист

Непоколебливиот водич по патата до врвот

ексклузивно

~~320~~
280

„За да го искачиме врвот не треба да ја совладаме планината, туку себеси.“

Реченица која го промени текот на популарната психологија по своето објавување во 2020 година. Сега е време да го направи тоа и кај тебе. Ова е повик за будење што влева надеж за надминување на сите пречки што ни стојат на патот кон себеостварувањето. Заборави ги правилата за она на што те учеле и свесно избери нови уверувања за да создадеш живот што длабоко го посакуваш и го заслужуваш. Бријана Вист отсекогаш велела дека сè започнува со мислата. Така ги напишала и своите книги што денес се бестселери продадени во над еден милион примероци и преведени на повеќе од 20 јазици. Ние велиме дека сè започнува со книгата. Така им помагаме на многумина да го најдат својот пат. Се надеваме дека и ти си меѓу нив.

Што е самосаботажата?

Самосаботажа е кога имате две противставени желби. Едната е свесна, втората несвесна. Знаеш како сакаш да го движиш животот напред, а сепак, поради некоја причина, остануваш заглавен.

Како да се реши ова

Треба да ни е јасно што сакаме, но и како, кога и зошто го сакаме тоа. Мора да ги согледаме несвесните уверувања што нè спречуваат да се вложиме максимално, а потоа да се вратиме на работата кога ќе се почувствуваме инспирирани. По периодот на давање отпор, желбата е клучна за да се вратиме на колосек и да дадеме сè од себе.

Фармацевтот кој ги решава животните прашања со автосугестија

Емил Куе
Како да владеете со себе



наскоро

